Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 декември 2022 година**

Седницата започна во 12:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска- Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Елена Трпковска, проект-координатор на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП).

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 104-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

- **Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово**

1. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-1774/1 од 30.12.2019 година, со Предлог-анекс на Договор и Предлог-одлука

2. Барање на Ј.З.У. Здравствен дом на Скопје ЦО Скопје согласност за набавка на медицински и канцелариски мебел како неопходна потреба за пуштање во употреба на ново изграден објект од здравствениот сектор

3. Информација за судска постапка пред Социјалниот суд Мадрид

4. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У.бр.60/22 (КП 2147/1 КО Маџари)

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности“ У 03-235/1 (КП бр.18691 КО Куманово)

6. Предлог на закон за задругите

7. Информација за воспоставување на систем за следење и контрола и на тутунски производи-Track&Trace, со препораки за начинот на имплементација во Република Северна Македонија

8. Предлог на закон за помилување

9. Информација за потребата од преземање на конкретни активности за ефикасно функционирање на Електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката за рамномерен регионален развој (sirera.mk системот) Анекс 1-Листа на програми со регионално влијание

10. Информација за состојбата и предлог решенија за формирање на податоци за стаж и основици на осигурување (М4 обрасци) кои недостасуваат во евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

11. Предлог на закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка

12. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568, викано место/улица „Стари Водовод“

13. Кадровски прашања

14. Прашања и предлози

15. Предлог- уредба за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија

16. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче“-Велес, со Предлог-одлука

17. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година

18. Информација за потребата од склучување на Амандман бр.6 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ со Европската инвестициона банка, со Амандман бр.6

19. Информација во врска со одржување на Дваесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 15 декември 2022 година во Виена, Австрија

20. Информација за потребата од донесување на измена на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог-план

21. Предлог-одлуки за давање на согласност на Решенијата за отстапување на одземени предмети (55 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и Предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата

22. Информација за пренамена на финансиски средства од втората транша на доверителниот фонд на НАТО за Авганистанската национална армија (ANA TF) во доверителниот фонд на сеопфатниот пакет за помош на Украина (U-CAP TF)

23. Информација за потреба од спроведување набавка на информатичка опрема за потребите на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

24. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз

Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар

25. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на монтажен училишен објект во с. Согле, Општина Чашка

26. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба и надградба на училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Општина Чашка

27. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура-Дебар

29. Информација за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука
30. Информација за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд, со Предлог-одлука

31. Информација за Изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште „Димитар Влахов“ во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик

32. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

33. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

34. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

35. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година

36. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, со Ревидиран оперативен план

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година.

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2022 година до 2.12.2022 година, како материјал за информирање.
Истовремено, Владата ги задолжи буџетските корисници да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капиталните расходи.

- **Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за постапување по препораките на КПТ (точка 8 од Извештајот 2019 и точка 5 од Извештајот 2020) за КПД Идризово по препораките на СЕБ, како материјал за информирање.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ & Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр. 13-1774/1 од 30.12.2019 година, со Предлог-анекс на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Костал Македонија ДООЕЛ Охрид и Леополд Костал ГмбХ& Цо. (Leopold Kostal GmbH & Co. KG) со бр.13-1774/1 од 30.12.2019 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа Барањето на ЈЗУ Здравствен дом на Скопје ЦО Скопје, согласност за набавка на медицински и канцелариски мебел како неопходна потреба за пуштање во употреба на ново изграден објект од здравствениот сектор и даде согласност на истото.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за судска постапка пред Социјалниот суд Мадрид и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се овластува адвокат г. Оскар де лас Ерас Делгадо (Oscar De Las Heras Delgado) за прием на сите писмена и за застапување на Амбасадата на Република Северна Македонија во Мадрид во судските предмети по тужба на лицето Моника Андриевска пред надлежниот суд во судската постапка заведена во Социјалниот суд бр.24 во Мадрид со број NIG 28.079.00.4-2022/0011925 (во редовна постапка бр. 118/2022) и пред сите органи за преземање на правни дејствија согласно позитивните законски прописи во Шпанија против тужениот Амбасадата на Република Северна Македонија во Мадрид.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да обезбеди финансиски средства за исплата на адвокатот г. Оскар де лас Ерас Делгадо (Oscar De Las Heras Delgado) и трошоците по постапките во рок од пет дена, од денот на усвојувањето на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи да склучи Договор за услуги со адвокатот г. Оскар де лас Ерас Делгадо (Oscar De Las Heras Delgado) во рок од пет дена, од денот на усвојувањето на оваа информација.

4. Се задолжува државниот правобранител на Република Северна Македонија да издаде овластување за адвокатот г. Оскар де лас Ерас Делгадо (Oscar De Las Heras Delgado-) во рок од пет дена, од денот на усвојувањето на оваа информација.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, У 03-235 (КП бр.18691 КО Куманово) .

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задругите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 7**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за воспоставување на систем за следење и контрола и на тутунски производи-Track&Trace, со препораки за начинот на имплементација во Република Северна Македонија за наредна седница на Владата, поради потребата,

Министерството за финансии во соработка со Царинска управа да достави нов текст на информација во кој ќе бидат инкорпорирани сите акцизни добра.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за помилување, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање на конкретни активности за ефикасно функционирање на Електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката за рамномерен регионален развој (sirera.mk системот) Анекс 1-Листа на програми со регионално влијание, ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии при воспоставување на ИФМИС системот да направи соодветно поврзување со Електронскиот систем за координација во планирањето, спроведувањето, мониторингот и евалуацијата на политиката за рамномерен регионален развој (sirera.mk системот).

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за правда-Управа за извршување санкциите, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, во рок од пет дена да направат комплетен внес на релевантните податоци за 2021 година од нивните програми (Анекс 1-Листа на програми со регионално влијание) во електронскиот систем за координација на планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој СИРЕРА (sierra.mk).

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за состојбата и предлог решенија за формирање на податоци за стаж и основици на осигурување (М4 обрасци) кои недостасуваат во евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, за наредната седница на Владата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика текстот на Информацијата да го усогласи со Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална работа, да подготви и до Владата да достави две верзии на Предлог на законско решение за сценарио 2а и 2б, предложени во Информацијата (со пензионери и без пензионери).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за акцизите, по итна постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесениот Предлог на закон се предлага намалување на висината на акцизата за 50% на бензинот и дизелот, а кај течниот нафтен гас за 100%. Истото се предлага да се применува до 30 април 2023 година.

Предлогот на закон е поднесен поради постојаното зголемување на цената на енергентите на светските пазари поради војната во Украина, а има за цел да им се помогне на граѓаните, но и на компаниите од транспортниот сектор.

Во однос на наведеното, се укажува дека Владата на Република Северна Македонија, во насока на ублажување на ценовниот шок предизвикан од континуираниот, забрзан раст на енергентите на светските берзи, реализираше конкретни мерки со кои ги амортизираше ефектите врз малопродажните цени на безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во земјата, а по отпочнувањето на воениот конфликт во Украина.

Притоа, преземените мерки беа насочени кон заштита на стандардот на граѓаните, особено на најранливите категории на граѓани, како и во насока на обезбедување на одржлива ликвидност и економска поддршка на компаниите. Имено, дополнително во услови на енергетска криза, Владата на Република Северна Македонија има донесено повеќе сетови на економски и антикризни мерки за заштита на стандардот на граѓаните и заштита на стопанството од шоковите предизвикани од енергетската и ценовна криза.

Истовремено, во однос на делот кој се однесува на воведување на еколошка такса, повторно се потенцира дека истата нема да го наруши животниот стандард на граѓаните бидејќи е одложено нејзиното воведување.

Дополнително, се напоменува дека законски е регулиран основот со кој се овозможува соодветна интервенција, односно пресметување на  намалување на акцизата кај безоловниот бензин, гасното масло како погонско гориво и гасното масло како гориво за греење во зависност од движењето, односно од висината на зголемувањето на цената на овие енергенти на светските берзи, доколку се утврди дека истото е неопходно.

Дополнително, укажуваме дека Владата на Република Северна Македонија внимателно ги разгледа предложените измени на Законот за акцизите и информира дека ја продолжува поддршката за граѓаните и компаниите во време на енергетска криза. Исто така, усвоени се и таргетирани мерки како поддршка за најранливите категории на граѓани, што од друга страна е и препорака на меѓународните финансиски институции.

Во таа насока, Владата на Република Северна Македонија останува уште поспосветена во изнаоѓање на начини преку сеопфатен пристап со цел надминување на ефектите од оваа глобална криза.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Законот.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.960796 за КО Чаир, на КП бр.1568, викано место/улица „Стари Водовод“ и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за образование и наука.

**Точка 13**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 14**

**1.** Владата заклучи Заклучокот по точка 44 од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31.5.2022 година, донесен по Барањето на Олександр Онишченко, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија, бр.41-4413/1, кој гласи:

„Владата го разгледа Барањето на Онишченко Олександр, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид позитивното Мислење на Агенцијата за млади и спорт.“, да престане да важи.

Истовремено, се задолжува Министерството за внатрешни работи веднаш да започне соодветна постапка за поништување на Решението за прием во државјанство на Република Северна Македонија на Олександр Онишченко.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

**3.** Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за канцелариски простор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 24 ноември 2022 година до 30 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и

имотот на населението, за период од 24 ноември 2022 година до 30 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата ја разгледа Информацијата за извршен инспекциски надзор од Агенцијата за храна и ветеринарство при ставање во промет на УХТ млеко и притоа заклучи:

- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, во рок од четири дена да се произнесе по основот за постапување и извршениот инспекциски надзор во ланците маркети на територијата на државата-по кој основ се забранува и се бара отстранување на УХТ млекото од продажба, зошто не е постапено согласно член 19 од Правилникот за барања за квалитетот на суровото млеко, стандардите за квалитет на конзумното млеко, млечните производи и употребата на нивните називи, квалитетот и активноста на стартер културите, сирилата и други специфични материи и начинот на нивна употреба, начинот на дополнително означување на млекото и млечните производи, како и дозволеното отстапување на тежината во однос на декларираната(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/11), како и можноста за давање вербален указ по однос на истото прашање.

**7.** Владата ја разгледа Информацијата за потреба од склучување на Протокол за донација на материјални средства помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина, со Предлог-одлука и усогласен текст на Протокол, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1) Ја донесе Одлуката за донација на материјални средства на Министерството за одбрана на Украина.

2) Го прифати усогласениот текст на Протоколот за донација на материјални средства помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина.

3) Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана да го потпише Протоколот за донација на материјални средства помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Украина.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Општина Струга за укинување (ставање вон правна сила и важење) на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со број 41-18421/1 од 22 март 2022 година, за наредната седница на Владата.

**9.** Владата на предлог на Министерството за финансии заклучи да се измени Заклучокот донесен по точка 3 Програма за соработка помеѓу Црвен крст на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија за обезбедување стокови резерви за делување при итни состојби од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 ноември 2022 година, во смисла наместо Министерството за финансии да се задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и на наредната седница на Владата да достави соодветен предлог за исплата на средства во износ од 15 000 000, 00 денари на Црвен крст на Северна Македонија, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**10.** Владата заклучи Министерството за финансии за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 7 декември 2022 година, да достави предлог во врска со исплатата на регрес за годишен одмор (за 2020 година и 2022 година), за вработените во институциите, потписници на Гранскиот колективен договор, согласно расправата на седницата на Владата.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 24 ноември 2022 година до 30 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче"-Велес, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2022 година на ЈПВ „Лисиче"-Велес.

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2022 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Амандман бр.6 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со Европската инвестициона банка, со Амандман бр.6, ја усвои Информацијата и го прифати текстот на Амандманот бр.6 на Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" со Европската инвестициона банка.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Дваесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница на 15 декември 2022 година во Виена, Австрија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Крешник Бектеши, министер за економија, да учествува во работата на Дваесеттиот состанок на Министерскиот совет на Енергетската заедница.

2. Се задолжува претставникот на Владата на Република Северна Македонија да ги поддржи следните точки од Дневниот ред на Министерскиот совет на Енергетската заедница, кои се за усвојување и тоа:

1) Агенда, отворање на состанокот и точките од Додаток А-за усвојување.

2) Одлуки во врска со енергетската криза и безбедноста на снабдувањето-за усвојување и за дискусија.

3) Ново законодавство 2022 година-за усвојување.

- Измени на Пакетот за чиста енергија усвоени во 2021 година,
- Ново законодавство за електрична енергија,
- Одлуки за воведување променети ознаки поврзани со енергетска ефикасност и
- MRV (Monitoring, Reporting and Verification) и придружни акти.

4) Имплементација на Договорот

- Годишен извештај за имплементација на Секретаријатот, вклучително и извештај за решавање на спорови,
- Барање за утврдување сериозни и постојани прекршувања на Договорот од страна на Босна и Херцеговина и
- Барање за утврдување сериозни и постојани прекршувања на Договорот од страна на Србија во случаите ECS-10/17 S и ECS-13/17 S.

5) Патоказ за декарбонизација-за дискусија

- Регионални пристапи кон енергетската и климатската транзиција.

3. Во врска со А точката која се однесува на случајот ECS-4/22, против Република Северна Македонија поврзан со РЕМИТ Регулативата, се задолжува претставникот на Владата да информира дека се донесени измени и дополнувања на Законот за енергетика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/2022) и дека Регулативата е транспонирана а имплементацијата ќе продолжи со усвојување на секундарна легислатива. Со тоа се бара од Секретаријатот да ја повлече точката од Дневен ред на Министерскиот совет.

4. Во врска со Предлог-одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница за носење на рестриктивни мерки во поглед на војната помеѓу Русија и Украина со која се забранува купување, увоз или пренесување, директно или индиректно, јаглен и други цврсти фосилни горива, течен природен гас и сурова нафта или нафтени производи на територијата на Енергетската заедница и договорните страни доколку тие потекнуваат од Русија или се извезуваат од Русија, се задолжува претставникот на Владата да учествува во дискусијата и таа дискусија да биде во насока на политиките на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на измена на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог-план, ја усвои Информацијата и го донесе Планот за изменување на Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 21**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ПМВ „форд галакси“).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите (ПМВ „рено меган“).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за одбрана (ПМВ „БМВ 525“).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за информатичко општество и администрација (ПМВ „голф“).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за труд и социјална политика-Државен инспекторат за труд (ПМВ „пежо 206“).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите (ПМВ „сеат леон“).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ТМВ „ивеко“ и полуприколка „шфарцмулер“).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите (ПМВ „фиат браво“).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми-ПО Скопје (ПМВ „џип ЦРД“).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „мерцедес“).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген пасат“).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми-ПО Скопје (ПМВ „нисан“).

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Фонд за иновации и технолошки развој (ПМВ „јагуар“).

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „БМВ 530Д“).

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Струга (ПМВ „мерцедес А170“).

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Сарај ПМВ „опел астра“).

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје (ПМВ „пежо“).

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија (ПМВ „БМВ 745“).

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (ПМВ „фиат пунто“).

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крива Паланка (ПМВ „сеат толедо“).

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ-Општа болница Охрид (ПМВ „форд фокус“).

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците (ПМВ „фолксваген голф“).

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Собрание на Република Северна Македонија (ПМВ „мерцедес“).

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Универзитетска детска хирургија-Скопје (ПМВ „мерцедес Е 220“).

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Маврово и Ростуше (шлеп приколка за автомобил „хумбаир“).

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чучер Сандево (ПМВ „сеат леон“).

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје (ПМВ „форд галакси“).

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „форд фокус“).

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген поло“).

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „БМВ X5“).

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Поликлиника на секундарно ниво Железара Скопје (ПМВ „фолксваген пасат“).

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за транспорт и врски (ПМВ „фолксваген голф“).

33. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (ПМВ „сеат ибица“).

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ТМВ „МАН“ и полуприколка „еуротрајлер“).

35. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ТМВ „сканија“ и полуприколка „когел аг“).

36. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. (ТМВ „фолксваген транспортер“).

37. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „ауди А4“).

38. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Универзитетот Св.Кирил и Методиј-Скопје-Факултет за драмски уметности (ПМВ „фиат добло“).

39. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „алфа ромео“).

40. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за политички систем и односи помеѓу заедниците (ПМВ „рено флуенс“).

41. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „хонда џез“).

42. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „фолксваген голф“).

43. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „сузуки самурај“).

44. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за млади и спорт (ПМВ „мерцедес“).

45. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (ПМВ „џип гранд чироки").

46. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид (ТМВ „мерцедес спринтер").

47. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (ПМВ „форд фокус").

48. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Берово (ПМВ „фолксваген голф").

49. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Демир Капија (ПМВ „форд мондео").

50. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Боговиње (ПМВ „фолксваген голф").

51. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Центар (ПМВ „БМВ 530").

52. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за управување со одземен имот (ПМВ „ауди А4").

53. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми-ПО Скопје-ПШС „Куманово"- Куманово (ПМВ „пасат").

54. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми-ПО Скопје (ПМВ „џип чироки").

55. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми-ПО Скопје (ТМВ „ФАП").

56. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за култура.

57. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино, и

58. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за пренамена на финансиски средства од втората транша на доверителниот фонд на НАТО за Авганистанската национална армија (ANA TF) во доверителниот фонд на сеопфатниот пакет за помош на Украина (U-CAP TF) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува пренамена на средствата на Република Северна Македонија од втората транша во износ од 240.000,00 евра и 618 американски долари наменети за доверителниот фонд на НАТО за Авганистанската национална армија (ANA TF) во доверителниот фонд на сеопфатниот пакет за помош на Украина (U-CAP TF).

2. Се овластува Дане Талевски амбасадор, постојан претставник на Република Северна Македонија во Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) во Брисел, во име на Владата на Република Северна Македонија, да потпише и упати писмо на намери до соодветните авторитети во НАТО, вклучително и помошникот на генералниот секретар на НАТО за операции, г. Томас Гофус, за започнување на процедурата за трансфер на средствата.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку постојаната делегација на Република Северна Македонија во Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО) во Брисел да го следи трансферот и реализацијата на средствата.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од спроведување набавка на информатичка опрема за потребите на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да отпочне постапка за доделување на договор за јавна набавка-информатичка опрема.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Владата даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2022 година и за наредната 2023 година на Министерството за образование и наука за Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар, и тоа:

- за реконструкција 1.780.000 денари со ДДВ во 2022 година и 16.000.000 денари со ДДВ во 2023 година и

- за надзор 44.000 денари со ДДВ во 2022 година и 400.000 денари со ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар, Општина Гостивар.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за изградба на монтажен училишен објект во с. Согле, Општина Чашка и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за изградба на монтажен училишен објект во с.Согле, Општина Чашка и тоа:

- за изградба 927.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2022 година и

- 4.000.000,00 денари со вклучен ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за отпочнување со спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на монтажен училишен објект во с. Согле, Општина Чашка.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба и надградба на училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Општина Чашка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за доградба и надградба на училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Општина Чашка и тоа:

- 1.736.852,00 денари со вклучен ДДВ за реконструкција, во 2022 година и

- 12.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за доградба и надградба на училишен објект во с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во Министерството за образование и наука за јавна набавка за реконструкција на училиштен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз реконструкција на училиштен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево и тоа:

- за реконструкција 1.259.500 денари со вклучен ДДВ во 2022 година и 30.000.000 денари со вклучен ДДВ во 2023 година и

- за надзор 81.500 денари со вклучен ДДВ во 2022 година и 700.000 денари со вклучен ДДВ во 2023 година

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за реконструкција на училиштен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз реконструкција на училиштен објект во ОСУ „Мирко Милевски“, Општина Кичево.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Центар за култура-Дебар.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за Изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште Димитар Влахов во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик, условно ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура преку НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Битола да иницира и реализира изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште Димитар Влахов во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик, доколку Министерството за транспорт и врски, Министерството за

образование и наука и Агенцијата за катастар на недвижности, доставaт позитивно мислење по Информацијата до Министерството за култура.

**Точка 32**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, поради потребата предлагачот истата да ја усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 33**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, поради потребата предлагачот истата да ја усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја во 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за доделување на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2022 година со индикативно планирани средства за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки

Седницата заврши во 14:05 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**